**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 17. 10. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4932 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 2 до 11 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 17 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Десет Дневници во 18 часот се примерокот врз кој е извршена анализата во четвртиот период од мониторингот на известувањето во дневно-информативните емисии на ТВ Канал 5 (2 до 11 октомври 2016 година).

Вкупно анализираните прилози имаат времетраење од 6 часа 11 минути и 8 секунди. Жанровски, најзастапени се извештаите, интервјуата и изјавите, односно претежно информативните жарови, има и репортажа од врвот Љуботен, кои заедно траат 5 часа 44 минути и 52 минути (Табела 1), а осврттите и коментарите сочинуваат 26 минути и 16 секунди.

Телевизијата информираше за различни дневни теми и настани, имаше информации за актуелни теми од внатрешноста на државата (Тетово, Битола, Кочани, Велес, Прилеп, Свети Николе), а неколку настани, како експертските ставови за резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев; теми и стории поврзани со едицијата „Црните страници на УДБА" и следењето на ВМРО ДПМНЕ, во низа беа актуелизирани преку осврти (опишано подолу во извештајов).

Интервјуа во живо, на различни теми,[1] се емитуваа секојдневно во вестите. На 2 октомври, ниските температури што ја очекуваа Македонија беа тема на разговорот со Ивана Петровиќ од УХМР (5 минути и 32 секунди). На 3 октомври има интервју со Тоше Јовевски, највисокото момче во Македонија (4 минути и 21 секунда). На 4 октомври, со универзитетскиот професор Томе Неновски, се разговара за можните ризици доколку македонските граѓани се одлучат да купуваат крипто валути, што во земјава е незаконско (4 минути и 41 секунда), а со претставничка на Македонската асоцијација за човечки ресурси се разгледува темата за тоа колку македонските компании имаат развиено свест за потребата од вложување во човечки ресурси (3 минути и 19 секунди). На 5 октомври, по повод 18-тата годишнина на Канал 5, има разговор со директорот Иван Мирчевски и со новинарот Горан Величковски. На 6 октомври - интервју со проф. д-р Смиља Туџарова, директорка на Клиниката за пластична хирургија, за тоа дека нездравата храна предизвикува хормонално пореметување кај мажите (3 минути и 45 секунди). На 7 октомври има разговор со Никола Стојановски, момче кого Дауновиот синдром не го спречува уметнички да се изразува, и неговата мајка (4 минути и 17 секунди), како и интервју со директорката на Археолошкиот музеј на Република Македонија Весела Честоева за изложбата на накит од Македонија низ вековите што ќе се одржи во Њујорк (4 минути и 19 секунди). На 8 октомври има разговор со Раде Стефановски, од Спортскиот центар „Будо", за боречки спектакл во Велес (3 минути и 20 секунди), а потоа и со Горан Тренчовски, режисерот на филмот „Златна петорка", по повод премиерата на овој филм во Струмица (5 минути и 19 секунди). На 9 октомври има интервју со Борче Димитровски, директорот на Центарот за култура Битола, за целовечерниот концерт на Камерниот оркестар на Битола, насловен „Џејмс Бонд Симфони" (3 минути и 53 секунди). На 11 октомври, по повод емитувањето нова серија на ТВ Канал 5, се разговара со Јани Бојаџи, режисер и Марина Поп Анков и Васил Михаил, актери (9 минути и 22 секунди).

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| Експерти/аналитичари | 00:05:58 | 1,73 % |
| Влада на РМ | 01:03:35 | 18,44 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:23:57 | 6,94 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:37:50 | 10,97 % |
| Граѓански сектор | 00:03:53 | 1,13 % |
| СДСМ | 00:33:58 | 9,85 % |
| Без субјекти | 00:15:58 | 4,63 % |
| Други субјекти | 01:37:46 | 28,35 % |
| Локална самоуправа | 00:10:03 | 2,91 % |
| Собрание на РМ | 00:06:17 | 1,82 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:01:01 | 0,29 % |

[1] Има и интервјуа од сферата на спортот, кои не се наведени во Извештајов бидејќи со примерокот не се опфатени прилозите од спортот, освен доколку се поврзани со политичари, носители на функции на власта, институции и сл.

| | | | |
|---|---|---|---|
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:01:01 | 0,29 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:01 | 0,29 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:47 | 5,74 | % |
| Јавно обвинителство | 00:01:28 | 0,43 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:06:13 | 1,80 | % |
| Претседател на РМ | 00:06:05 | 1,76 | % |
| ГДОМ | 00:04:54 | 1,42 | % |
| Независни пратеници/чки | 00:00:26 | 0,13 | % |
| ЛДП - Либерално-демократска партија | 00:00:26 | 0,13 | % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:47 | 0,23 | % |
| Привремена комисија | 00:01:11 | 0,34 | % |
| ДИК и други органи | 00:01:17 | 0,37 | % |
| | **Вкупно: 05:44:52** | **100** | % |

Методолошката категорија „*Други субјекти*" ги содржи во себе носителите на информативната содржина во најголемиот дел од анализираните прилози. Во оваа група влегуваат рускиот владика Тихон, МПЦ, планинари, Факултетот за безбедност, Тоше Јовевски, ИЗИИС, професори, пеачи, новинари, спортисти, Градежна комора, АВМУ, Никола Стојановски и неговата мајка, МИТ Универзитет, Слоу Фуд, шеф/готвач, Спортски центар Будо, режисери, АЦИ Штип, Народна банка на РМ, актери, Центар за култура Битола, академик, пијанистка, СТС Текстајл, ЦераМетал, Костал итн.

Владата е следна по застапеноста во Дневникот. Времето издвоено за неа произлегува од прилози за редовни активности, средби, посети, настани, за меѓусебни обвинувања меѓу министерот и дополнителниот заменик-министер за внатрешни работи, за акции на МВР, но и од прилози за активности, проекти и резултати од политиките на власта во сферата на здравството, културата, патната инфраструктура, образованието, странските инвестиции, односно за теми кои по својот карактер најчесто имаат позитивен контекст. Следниве прилози се примери за таков тип извештаи: на 2 октомври „На Скопското кале откриено над 13.400 археолошки предмети" (1 минута и 35 секунди); на 4 октомври „За 650 пензионери во октомври бесплатен туристички викенд" (2 минути и 36 секунди), „До 17 илјади евра евтин кредит за отпочнување на нов бизнис" (2 минути и 43 секунди); на 5 октомври „Нов кабинет за страбизам на Поликлиника Букурешт" (2 минути и 11 секунди), „Пуштена во употреба нова градинка во Ѓорче Петров со капацитет за 120 деца" (1 минута и 36 секунди); на 6 октомври „Пробиена е автопатската делница Миладиновци – Штип" (3 минути и 18 секунди); на 8 октомври „Нов ургентен центар во Куманово за 200 илјади жители" (1 минута и 26 секунди); на 9 октомври „Германската „СТС ТЕКСТАЈЛ" ќе инвестира во Велес - ќе отвори 1000 работни места" (3 минути и 5 секунди); на 10 октомври „Германски КОСТАЛ отвора фабрика за автоделови во Охрид" (2 минути и 34 секунди); на 11 октомври „Грчката 'ЦераМетал' ќе инвестира во Македонија - нови 600 работни места" (3 минути и 3 секунди), „Нов дом за згрижување стари лица во Сопиште" (35 секунди).

За ВМРО ДПМНЕ и СДСМ, кои се третиот односно четвртиот субјект според застапеноста, се известува преку прилози за ветувањата од програмите на двете партии, патувања, средби со странски политичари и активности во земјата и во странство, меѓусебни критики и реакции. На обвинувањата од СДСМ понекогаш реагираат од надлежни институции. За проектот за нови 140 градинки, најавен од претседателот на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски, се емитувани неколку прилози во кои партијата позитивно се врамува: „Новите 140 градинки двојно ќе го зголемат опфатот на предшколски деца" (2 минути и 41 секунда) од 3 октомври, во кој говори Диме Спасов - означен како член на ВМРО ДПМНЕ; „Проектот за изградба на 140 градинки поддржан од воспитувачите и социјалните работници" (3 минути и 11 секунди) од 4 октомври со Илија Митров, претседател на Здружението на воспитувачи и Гоце Прцуловски, претседател на Здружението на социјални работници; на 5 октомври „СОНК со поддршка на проектот на ВМРО ДПМНЕ за изградба на 140 градинки" (2 минути и 42 секунди) со Јаким Неделковски, претседател и Весна Неделкова генерална

секретарка на СОНК; на 6 октомври „Градежништвото и следната година ќе биде главен двигател на економскиот раст“ (2 минути и 5 секунди) со Роберт Хот, претседател на Градежната комора.

Според времето, следуваат органите на државната управа/јавните претпријатија, па амбасадорите, странските политичари, меѓународните институции и организации, потоа граѓаните (во методолошката категорија *„без субјекти“*) и локалната самоуправа.

Од политичките партии/субјекти, со малку време во вестите, се појавуваат ДУИ, ДПА, ЛДП, СПМ и независни пратенички.

Што се однесува до распределбата на времето во кое гледачите можеле да ги слушнат изјавите на субјектите (Табела 2), меѓу оние кои добиле позначајно време, најзастапени се повторно *„Другите субјекти“*, потоа Владата, СДСМ, ВМРО ДПМНЕ, па претставниците на органите на државната управа/јавните претпријатија.

*Табела 2: Директни обраќања на субјектите*

| ТВ КАНАЛ 5 | Траење | Процент |
|---|---|---|
| ВМРО ДПМНЕ | 00:16:38 | 10,61 % |
| СДСМ | 00:19:46 | 12,61 % |
| Претседател на РМ | 00:01:45 | 1,12 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:44 | 2,38 % |
| ГДОМ | 00:02:06 | 1,34 % |
| Други субјекти | 00:58:40 | 37,43 % |
| Влада на РМ | 00:23:54 | 15,25 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:07:34 | 4,83 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:11:30 | 7,34 % |
| Експерти/аналитичари | 00:04:36 | 2,93 % |
| Граѓански сектор | 00:01:59 | 1,27 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:00:37 | 0,39 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:00:31 | 0,33 % |
| Локална самоуправа | 00:02:20 | 1,49 % |
| СПМ - Социјалистичка партија на Македонија | 00:00:28 | 0,30 % |
| Привремена комисија | 00:00:36 | 0,38 % |
| | **Вкупно: 02:36:44** | **100 %** |

Од претежно аналитичките жанрови, на 2 октомври емитуван е осврт „Експертите: Високиот рејтинг на ВМРО ДПМНЕ и Груевски се реалност“ (5 минути и 5 секунди) во кој се пренесуваат мислењата на политичките аналитичари Владимир Божиновски и Петар Арсовски околу тоа на што се должат резултатите од анкетата на Институтот Павел Шатев објавени претходниот ден, и се потсетува на добиените резултати. На 3 октомври, во „Колумна на Груевски за „Der Hauptstadtbrief“: ќе ја надминеме кризата“ (3 минути и 34 секунди) се пренесуваат ставовите на Никола Груевски, претседателот на ВМРО ДПМНЕ, за општествено-политичката и економската ситуација во Македонија. На 3 октомври има уште еден осврт „Експертите за анкетата на Институтот Павел Шатев - ВМРО ДПМНЕ далеку преку СДСМ“ (3 минути и 31 секунда) во која се сопоставуваат ставовите на аналитичарот Александар Кржаловски од МЦМС и на универзитетскиот професот Александар Климовски. Според првиот, резултатите треба да се земат со резерва зашто Институтот ги погодува рејтинзите на ВМРО ДПМНЕ, но „ги потценуваат на СДСМ и генерално на опозицијата“ и оти е прашање дали примерокот одговара на реалноста, бидејќи сè уште не е извршен попис. Вториот позитивно се произнесува за рејтингот на ВМРО ДПМНЕ оценувајќи дека тој е резултат на работата на партијата на терен и остварувањето на ветувањата. Во најавата за прилогот се вели: „Експертите кои

денес ги контактираше Канал 5 потврдуваат дека на изборите на 11 декември ќе победи ВМРО ДПМНЕ, како што се изјаснија и над 40% од граѓаните во анкетата на Институтот Павел Шатев. Професорот Климовски смета дека довербата се должи на исполнетите ветувања на ВМРО ДПМНЕ, а за аналитичарот Кржаловски е потребно спроведување попис на населението", по што накусо се потсетува на некои од резултатите од анкетата. На 4 октомври има осврт „Службите на УДБА ја следеле ВМРО ДПМНЕ до 2000-та година" (2 минути и 32 секунди) со дел од обраќањето на Александар Даштевски, редактор на едицијата „Црните страници на УДБА" за следењето на ВМРО ДПМНЕ. Во прилогот се наведува дека во досиејата има факти оти и новинари соработувале со комунистичките тајни служби, и дека директорот на Државниот архив Филип Петровски неофицијално посочил оти „меѓу нив е и новинарот Зоран Божиновски".

На 5 октомври, во прилогот „Во Државниот архив граѓани со досиеја, документи и сведоштва за тортура на УДБА" (2 минути и 48 секунди) се прави уште еден осврт на едицијата Црните страници на УДБА, при што директорот на Архивот Филип Петровски, кажува дека граѓаните постојано носат и нови документи. На 7 октомври се пренесуваат акценти од интервјуто на претседателот на СДСМ Зоран Заев, дадено за ТВ Телма, на што се сопоставуваат ставовите на ВМРО ДПМНЕ преку соопштение од оваа партија (3 минути и 52 секунди). На 8 октомври има уште еден осврт поврзан со едицијата „Црните страници на УДБА" - „УДБА за Иван Соколов напишала досие на 256 страници" (3 минути и 11 секунди).

На 9 октомври се емитува коментар „Двојазичен штаб на СДСМ во Чаир" (3 минути и 43 секунди) во кој има изјава на Александар Кирацовски за позицијата на СДСМ, телефонски изјави на политичките аналитичари Петар Арсовски, кој вели дека во основа го поддржува ставот на СДСМ, исто како што го поддржал и фактот кога Никола Груевски држел говор на албански јазик, и на Тања Каракамишева-Јовановска, според која „на вакви сензитивни теми, извлечени главно од националистичкиот кампус, се повикуваат политичари што немаат со што друго да го привлечат вниманието на гласачите". Потоа е пуштен дел од интервјуто на Зоран Заев за порталот Нова ТВ, каде вели дека смета на албанските гласови и искоментирано е неговото интервју за ТВ Телма. На 11 октомври во коментаторскиот извештај „Тргната е партиската двојазична табла на СДСМ во Чаир" (2 минути и 38 секудни), Телевизијата ги прашува истите двајца аналитичари да се осврнат на прашањето во светло на новиот настан.

## *Посебни информативни емисии*

### *Интервјуа*

На 2 октомври, во емисијата *Во Центар* со Васко Ефтов, гостин беше Југослав Петрушиќ, таен агент. Разговорот се водеше на тема причините за пучот против Реџеп Таип Ердоган и кога и дали ќе дојде до нестабилност на Турција. При крајот на прилогот, гостинот ги изнесува неговите предвидувања за тоа што ќе се случи во иднина со Македонија, дали ќе дојде до нов конфликт или до дестабилизација на земјата. Емисијата беше репризирана на 9 октомври по полноќ.

На истиот ден (9 октомври), премиерно беше емитувана емисијата *Во Центар* со Васко Ефтов во која беше реализирано интервју со гостинот Милан Видоевиќ, најавен како Голем мајстор на редот на Св. Јован, за што и беше воден разговорот.

### *Други информативни програми*

Авторот одлучи да ја одмолчи емисијата *Миленко Неделковски Шоу*, емитувана на преминот меѓу 7 и 8 октомври 2016 година.

***Други програми***

На 3 октомври, во утринската емисија *Здраво Македонијо*, тема беше најавата дека на околу 300 илјади пензионери, на почетокот од декември годинава ќе им биде исплатена ноемвриската пензија која ќе биде покачена за 5% или за околу 670 денари месечно по пензионер. *Колку тоа реално ќе го почувствуваат пензионерите кај нас во споредба со трошоците кои ги имаат во месецот? Дали и понатаму треба да продолжат зголемувањата на пензиите?* - на овие и други слични прашања, гледачите можеа да дадат свои видувања. Втора тема за изнесување коментари и ставови беше прашањето: *Дали ќе има промени на македонската политичка сцена по изборите?*

Во наредното издание на *Здраво Македонијо*, кое се емитуваше на 4 октомври, темата беше во врска со резултатите од последната телефонска анкета на Институтот Павел Шатев: *За ВМРО ДПМНЕ би гласале 25,9% за СДСМ 15,7% од граѓаните.* Исто така, во рамките на емисијата реализирано е интервју со градоначалникот на Велес Славчо Чадиев, а разговор се водеше околу организацијата и учесниците за претстојната Питијада, манифестација која традиционално се одржува во Велес.

На 5 октомври, во утринската програма *Здраво Македонијо*, на гледачите им беше презентирано дека над 11 илјади вработени во Македонија не земаат редовно плата. Според податоците на Државниот завод за статистика, кај нас - не се намалува туку се зголемува бројот на вработени кои не земаат редовно плата. Едно од повеќето прашањата на кои гледачите можеа да дадат одговор е: *Дали политичката криза е главниот виновник што одредени македонски компании не исплаќаат навреме плата?* Втората тема во истата емисија беше: *Што мислат гледачите во врска со фактот дека пратениците не ги одобрија измените на Законот за СЈО?*

Темата која на 6 октомври беше поставена за комуникација со гледачите во *Здраво Македонијо*, беше најавата дека нови 140 детски градинки ќе се градат во Македонија, од кои 100 ќе бидат комплетно нови, а во нив предвидено е да бидат згрижени над 15 илјади деца. Со проектот се предвидува за 40% да се зголеми опфатот на деца во градинките и да се реши проблемот со преголемиот број деца во градинките. Прашањата беа: *Дали зголемувањето на бројот на детски градинки во земјава е неопходен со цел на децата од предшколска возраст да им се овозможи подобар ран развој и подобри услови за едукација и воспитување? Дали со изградбата ќе се создадат предуслови за зголемување на бројот на склучени бракови и создавање на многудетни семејства и слично?* Втората тема е: *Дали несогласувањата на партиите за Законот на СЈО можат да ги одложат изборите на неколку месеци?*

Во утринската емисија *Здраво Македонијо* на 7 октомври, една од темите беше најавата дека Јоханес Хан следната недела доаѓа во Скопје. *Што ќе ги советува партиите и што ќе порача?* Телефонските линии беа отворени и за темите кои беа актуелни во неделата што измина како зголемувањето на пензиите за 5%, ќе има ли промени на македонската политичка сцена по изборите, како и за ставови и коментари во врска со резултатите од најновата телефонска анкета на Институтот Павел Шатев.

На 10 октомври, во емисија *Здраво Македонијо* гледачите коментираа во врска со двојазична табла поставена кај штабот на политичката партија СДСМ во скопски Чаир, односно: *Дали дуваат нови ветришта и идеи во изборните кампањи на партиите?*

Во вторникот на 11 октомври, телефонскиот контакт со гледачите на утринската програма *Здраво Македонијо*, се однесуваше на прашањето: *Дали тоа што Собранието на Република Македонија нема да се распушти наредниот ден, според предвиденото, ќе влијае некако на датумот за избори?*

Утринските емисии *Здраво Македонијо*, се репризираат следниот ден по полноќ.

Во емисијата *Бразди*, емитувана на 9 октомври, во Агровестите, се информира дека винарските визби, кои ќе откупат грозје од сортата Смедеревка, ќе добијат субвенции од 2 денари за килограм. Според информациите од Министерството за земјоделство, субвенции ќе добијат оние винарски визби кои ќе откупат минимум милион и половина килограми грозје од сортата Смедеревка. Втората информација беше во врска со средствата наменети за субвенции и капитални инвестиции во земјоделството и руралниот развој. Имено,

во Буџетот за 2017 година, средствата предвидени за нив ќе достигнат висина од 176 милиони евра. Од тоа, за субвенции за земјоделците предвидени се 140 милиони евра, а за капитални инвестиции кои ќе го поддржат земјоделството и руралниот развој 36 милиони евра.

### Член 75-б од Изборниот законик

Во четвртиот извештаен период, од 2 до 11 октомври, на ТВ Канал 5 има повеќе прилози во кои, за активностите на власта се известува во позитивен контекст (опишано погоре во извештајов). Поврзување на власта со политички субјект има во еден прилог.

***Дневник во 18 часот 6.10.2016***
18:12:36 – 18:14:52 „Субвенции за купување на печки на пелети" - Коце Трајановски, од позиција на член на ИК на ВМРО ДПМНЕ, најавува дека Град Скопје ќе објави јавен повик за субвенции за купување печки на пелети.

***Сектор за програмски работи***